**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ЈАВЕН ОГЛАС**

Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија ги известува сите пријавени кандидати на 14-тата обука за работење со хартии од вредност дека првиот дел (теоретски дел) и вториот дел (практичен пример) од стручниот испит за работење со хартии од вредност ќе се одржи во **Испитниот центар** на адреса **ул. Христо Смирненски бр. 30 ламела 1 – Просторија број 2** на следниве датуми: **23.05.2016 година, 30.05.2016 година и 06.06.2016 година** на модул по избор на кандидатот**.**

**СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА РАБОТЕЊЕ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**Модул 1**

9:00-11:00 Суштина, функции и законска регулатива за функционирањето на пазарот на капитал на Република Македонија

**Модул 2**

9:00-11:00 **Акции/втор дел**

**Модул 3**

9:00-11:00 **Обврзници/втор дел**

Рокот за пријавување за полагање на стручниот испит е најдоцна 5 дена пред датумот на полагање. Кандидатот за полагање на испитот се пријавува со пополнување на пријавата која може да се најде на веб страната на Комисијата во делот - Обуки www.sec.gov.mk ) и доставување на истата во архивата на Комисијата или на следнава елетронска адреса ispiti@sec.gov.mk.

Кандидатот е должен половина час пред почетокот на испитот да биде присутен во Испитниот центар и да приложи на увид на овластените лица документи за лична идентификација.

Првиот дел од стручниот испит за работење со хартии од вредност се полага по електронски пат, со одговарање на определен број прашања во вид на решавање на електронски тест на компјутер.

**Ве известуваме дека прашањата за полагање на стручниот испит за работење со хартии од вредност се јавно објавени и истите Ви се достапни на следниот линк http://e-prasanja.mk.**

**Комисија за хартии од вредност на Република Македонија**